Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. Скопје согласно член 35 од Законот за ревизија објавува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2013 година**

**1. Опис на правната структура и сопственост**

Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. Скопје е друштво со ограничена одговорност основано во 1994 година. Сопственици на друштвото се овластените ревизори Борислав Атанасовски и Љупчо Пецев, секој со сопственичко учество од по 50%.

Друштвото има добиено лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-331/1 од 12 јули 2013 година од Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Регистарски број на лиценцата е 12. Претходно, Друштвото работеше врз основа на добиена трајна дозвола за работа од Министерството за финансии бр. 07-1746/1 од 11.02.2003 година.

**2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа**

Друштвото делува на територијата на Република Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. Скопје дава услуги на комитенти и за комитенти што делуваат на пазарот во Република Македонија. Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија - Скопје.

**3. Опис на управувачката структура**

Со Друштвото управуваат двајца управители, Борислав Атанасовски и Љупчо Пецев, кои истовремено се и овластени ревизори.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и Изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем**

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. Скопје е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 - Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги и Меѓународниот стандард за ревизија 220 - Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации, во насока дека Друштвото и неговиот персонал се придржуваат на професионалните стандарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни во околностите.

Изјавуваме дека Друштвото во своето работење се придржува кон постапките на контрола на квалитет и дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефективно функционира.

**5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот**

Проверката е извршена во декември 2013 и јануари 2014 година.

**6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2013 година**

Агро Јуником Скопје, Адвокатска комора на Република Македонија, АДГ Пелагонија Скопје, Американ колеџ Скопје, АКС менаџмент Скопје, Атлантик Скопје, Бетон Штип, БНБ Скопје, Брокерска куќа Илирика инвестментс Скопје, Варус Скопје, Вардарградба Скопје, Винка нет Виница, Вита медија Скопје, Гоива Скопје, Градежен институт Македонија Скопје, Графички центар Скопје, ГС1 Македонија Скопје, Дивелоп груп Скопје, Европа Скопје, Ексико Скопје, Енергомаркет Скопје, Енергосистем Скопје, Заре Лазаревски Маврово, ЗК Пелагонија Битола, ЗПЗ Напредок Скопје, Илинден Струга, Јапонски донации (три проекти), КАК Скопје, Камчев консалтинг Скопје, Карпош Скопје, КД Фондови Скопје, Консалтинг Д Скопје, Кореа аутотрејд Скопје, Кара Скопје, Лотарија на Македонија Скопје, АД УТТ Македонија Битола, МЗТ Леарница Скопје, Масит Скопје, Медиа принт Македонија Скопје, Металхем Скопје, Монт Скопје, Монтинг енергетика Скопје, Мулти шпед Скопје, Неоком Скопје, Неотел Скопје, Орка холдинг Скопје, Орка спорт Скопје,

Пекабеско Скопје, Поштел брокер Скопје, Пауер спорт систем Скопје, Пелагонија вет Битола, Пелагонија развој Битола, Просветно дело Скопје, Принце ентерпрајс Скопје, Прима Скопје, Рудници Бањани Скопје, Раде Кончар сервис Скопје, Раде Кончар Теп Скопје, РТ Транс логистик Скопје, Руле турс Скопје, Саманта Скопје, Седа брокер Скопје, Сковин Скопје, Стопанска Комора на Македонија, ТДР Скопје, Топ траде Скопје, Тргопромет Куманово, Трготекстил малопродажба Скопје, Технометал-Вардар Скопје, Уготур Скопје, Фершпед Скопје, Хотели Метропол Охрид, Централен депозитар за хартии од вредност Скопје.

**7. Изјава за независно работење**

Друштвото за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. Скопје изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

**8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирана едукација на овластените ревизори**

Согласно одредбите од Законот за ревизија овластените ревизори во текот на 2013 година имаат посетено обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Обуката е организирана од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на странска стручна литература од областа на сметководството и ревизијата.

**9. Финансиски информации за вкупниот приход расчленет на четири категории услуги**

| **во илјади денари** | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| Приходи од ревизорски услуги | 11.687 | 9.062 |
| Приходи од услуги на уверување во квалитет | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | - | 332 |
| **ВКУПНО** | **11.687** | **9.394** |

**10. Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

Хонорарот на овластениот ревизор, односно надоместокот за поединечните ревизии и други професионални ангажмани, е заснован пред се на потребното време за извршување на ангажманот, видот на ангажманот, карактеристиките на клиентот и дејностите што ги обавува.

Скопје, март 2014

Управители

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев